РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Академија за судии и јавни обвинители

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDONIE

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**помеѓу**

1. **Академија за судии и јавни обвинители**, со седиште на бул. „Јане Сандански“ бр. 12 во Скопје, претставувана од директорката, судија Анета АРНАУДОВСКА и

2. **Нотарска комора на Република Македонија**, со седиште на бул. „8 септември“ бр. 2/1 во Скопје, претставувана од претседателката, г-ѓа Зорица ПУЛЕЈКОВА.

Академијата за судии и јавни обвинители и Нотарската комора на Република Македонија(во натамошниот текст „потписници“), потврдувајќи ја заедничката заложба да дадат свој придонес за зајакнување на капацитетите на судството и нотаријатот, преку развивање меѓусебна соработка во насока на соодветна примена на законите во областите од интерес на судството и нотаријатот, се договорија за следното:

**Член 1**

Со овој Меморандум се регулираат правилата на меѓусебната соработка и координација на активности меѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Нотарската комора на Република Македонија.

**Член 2**

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува во рамки на нивната законска надлежност и со:

- одржување заеднички обуки на судиите, јавните обвинители и нотарите за нивно континуирано стручно усовршување;
- донација на стручна литература;
- ангажирање меѓународни предавачи и експерти;
- овозможување учество при студиски посети и конференции во странство.
- развивање e-learning модул за обука на судиите, јавните обвинители и нотарите;

**Член 3**

За обуките и другите активности во рамки на меѓусебната соработка, потписниците ќе вршат размена на предавачи, учесници, искуства и знаења. Покрај тоа се предвидува користење на просторните капацитети на потписниците.

**Член 4**

Спроведувањето на овој Меморандум ќе се овозможи со подготвувањето на програмите за работа на потписниците, во кои се определуваат темите и опфатот на соработка и организационите прашања.

**Член 5**

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку лица овластени за контакт.

Меморандумот ќе биде предмет на постојана заедничка анализа со цел за унапредување на соработката.

**Член 6**

Овој меморандум за соработка може да се измени со писмен договор меѓу двете страни.

Секој од потписниците може да го раскине истиот по истекот на еден месец откако по писмен пат ја известила другата страна за раскинувањето:

-ако другата страна не ги почитува обврските зацртани во овој меморандум.

**Член 7**

Овој Меморандум ќе влезе во сила од денот на неговото потпишување и ќе важи за временски период од три години. По истекот на овој период неговото важење автоматски ќе се продолжи за нареден период од три години, освен во случај еден од потписниците да го раскине овој Меморандум, но не подоцна од три месеци пред истекот на рокот на неговото важење.

Потпишан во Скопје на 1 март, 2014 година

| | |
|---|---|
| Академија за судии и јавни обвинители | Нотарска комора на Република Македонија |
| Директор, | Претседател, |
| судија Анета АРНАУДОВСКА | г-ѓа Зорица ПУЛЕЈКОВА |
| ______________________________ | ______________________________ |